Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

[redacted]

Министерство за образование и наука

Бр. 10-3048/1
05-05-2011 год

Мито Хаџивасилев Јасмин б.б,
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3114192
Факс: (02) 3118414

Сајт: www.mon.gov.mk

ISO 9001:2008

## ПРЕДМЕТ: ПРЕПОРАКА за ТРАЈКОВСКИ & ПАРТНЕРИ Консалтинг

Во периодот февруари – јули 2010 година во рамките на СПФРЕ проектот (Градење административни капацитети за интеграција во ЕУ) беше реализиран проектот **Хармонизација на националното законодавство со Директивата за признавање на професионални квалификации 2005/36/ЕЗ**. Директен корисник на резултатите на овој проект е **Министерството за образование и наука**.

Цел на проектот беше подготовка на анализа и план за транспонирање на Директивата и воспоставување на правна основа за имплементација на Директивата во националното законодавство, базирано на идентификуваното ниво на хармонизација на националното законодавство на РМ со Acquis Communautaire во сферата на меѓусебно признавање на професионалните квалификации.

Конкретни резултати вклучуваат:

1. Анализа на тековната состојба со усогласеност со Директивата за признавање на професионални квалификации 2005/36/ЕЗ
2. Национален Акциски План за усогласување
3. Поддршка на работната група и спроведување на консултации
4. Текст на Закон за взаемно признавање на професионални квалификации
5. Кореспондентна табела за усогласеност на Директивата и законот

Реализацијата на овој проект беше доверена на **Трајковски & Партнери Консалтинг**. Во текот на реализацијата на проектот беше остварена континуирана комуникација со проектниот тим на **Трајковски & Партнери,** сите планирани активности беа реализирани согласно договорената динамика и со очекуван квалитет. Особено голем придонес тимот на Трајковски & Партнери оствари во делот на поддршка на работната група формирана за транспонирање на директивата, преку организација и водење на состаноците на работната група, едуцирање на членовите за барањата на директивата, итн. Успешноста на реализираниот проект беше потврдена и со позитивно оценетиот напредок на Република Македонија во оваа област од страна на ЕУ.

Од тие причини го изразувам моето задоволство од соработката со **консултантскиот тим на Трајковски & Партнери,** притоа потенцирајќи ја нивната сериозна посветеност кон извршувањето на проектните активности, навремената достава на резултатите, сериозноста во пристапот кон работата и одличната соработка која ја имавме во текот на целото времетраење на проектот. Ми беше задоволство да работам со професионален, одговорен, креативен и сериозен консултантски тим и искрено се надевам дека нашата соработка ќе продолжи и во иднина.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Елизабета Тодоровска**

Република Македонија – Министерство за образование и наука – Скопје

Изготвил: Василка Салевска - Трајкова